2a547

ИЗЛОЖБИ

# Осовременет Дирер

**(СОВРЕМЕНИТЕ УМЕТНИЦИ СЕ ИНСПИРИРААТ ОД ДЕЛОТО НА ГОЛЕМИОТ ГЕРМАНСКИ СЛИКАР И ГРАФИЧАР)**

Авторот на славните ремек-дела „Апокалипса", „Пасија", „Меланхолија", „Адам и Ева", како и на многу други слики, дрворези и бакрописи, германскиот сликар и графичар Албрехт Дирер (1471—1528), главниот претставник на ренесансните назири во германската уметност, и денеска е актуелен и инспирира со своето бесмртно творештво голем број современи уметници.

**И целта на убавата изложба во Музејот на современата уметност е да ни го покаже тој жив интерес на современите уметници спрема делото на Дирер.** На изложбата што е организирана со помошта на Амбасадата на Сојузна Република Германија, се прикажани шеесетина графики, бакрописи, дрворези, линорези, литографи, мезотинти и сериграфии од познати европски уметници, меѓу кои ги сретнуваме и имињата на **Ренато Гутузо, Салвадор Дали, Марино Марини, Андре Масон, Хозе Ортега, Антони Тапиес,** како и на југословенскиот графичар **Емир Драгуљ.**

Секој од шеесетината застапени уметници, на свој начин и во духот на своите ликовни концепции ги доживува и ги интерпретира познатите мотиви од графиките на големите германски мајстори. Така што ние добиваме еден сосем осовремен Дирер, а кај некои уметници графиките на Дирер ни се чинат само како далечен повод за креирање на наполно автентично ликовно дело.

Инаку, изложените графики претставуваат дел од едно посебно одделение на збирките на Дирерова куќа во градот Нинберг, која од своја страна има долга и возбудлива историја, почнувајќи од денот кога Мориц Таузинг во 1868 година ја посетил куќата и решел во неа да го обнови споменот на Дирер, па сѐ до 1945 година, кога била тешко оштетена од војната и повторно изградена.

**Концепирајќи ја оваа изложба организаторот небаре исцело ја оживува и желбата на Мориц Таузинг дека сите оние радиуси преку кои се ширела некогаш во целиот свет Дирерова активност, би требало повторно концентрично да се сретнат овде.** Најпосле, шеесетте графички листови што се инспирирани од Дирер, го прошируваат кругот: тие можат да инспирираат и други уметници за нови креации на полето на графичката дисциплина.

**Паскал ГИЛЕВСКИ**

ВЕЧЕР ☆ 3 ноември 1982 година

60 10, 14,